РЕПУБЛИКА
СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА СВЕТИ НИКОЛЕ
- ГРАДОНАЧАЛНИК -
Бр. 0901 - 232
18. 10. 2022 год.

**Градоначалник на Општина Свети Николе**
тел:+ 389 32 444 169 факс: + 389 32 440 911
e-mail: info@svetinikole.gov.mk
www.svetinikole.gov.mk

Врз основа на Одлука бр.0701-686 од 31.10.2008 год. и Одлука бр.0701-631 од 29.09.2008 год. донесени од Совет на Општина Свети Николе, Градоначалникот на општината го распишува следниот:

# ЈАВЕН ПОВИК

## за прибирање на барања за користење на средства од Буџет на Општина Свети Николе за 2023 година, наменети за финансирање на програмски активности на здруженија на граѓани и фондации и спортски клубови и други форми на здружување во областа на спортот.

**1.** Потребна документација што здружението на граѓани / фондација треба да ја достави согласно Одлука бр.0701-686 од 31.10.2008 година:
Пропратно писмо со следнава документација во Прилог (документацијата да биде архивирана)
- рокот на регистрација на здружението да не е пократок од шест месеци од денот на поднесување на барањето за доделување на средствата за финансирање;
-Соодветна документација за извршена регистрација (Централен регистар), согласно позитивните законски прописи;
- Статут на здружението согласно позитивните законски прописи;
- Годишна програма за работа;
- Наративен и финансиски извештај за последните две години;
- Листа на реализирани домашни и меѓународни проекти и заеднички проекти со општината;
- Пополнет Формулар за аплицирање (потпишан и заверен од овластено лице) – кој може да се подигне од Канцеларијата за локален економски развој или на веб-страната на општината (svetinikole.gov.mk);

**2.** Потребна документација што спортските клубови и другите форми на здржување во областа на спортот, како и за одржување на спортски манифестации треба да ја достави согласно Одлука бр.0701-631 од 29.09.2008 година:
Пропратно писмо со следнава документација во Прилог (документацијата да биде архивирана)
- Соодветна документација за извршена регистрација, согласно позитивните законски прописи;
- Годишна програма за работа;
- Поднесување на извештај за работа во последните две години (се однесува на клубови кои постојат повеќе од две години), како и извештај за потрошените средства
- Лигата во која се натпреваруваат спортските клубови;
- Број на деца и млади до 14 години и допринос за унапредување на здравјето и спортскиот дух кај младите генерации;
- Пополнет Формулар за аплицирање (потпишан и заверен од овластено лице) – кој може да се подигне од Канцеларијата за локален економски развој или на веб-страната на општината (svetinikole.gov.mk);

**3. Рок и начин на доставување на Барањата**
Рокот на поднесување на Барањата и целокупната документација е до 04.11.2022 год. во Архива на Општина Свети Николе секој работен ден од 07:30 ч. до 15:30 часот.
Дополнителни информации можат да се добијат во Канцеларијата за локален економски развој во општината, кај лицата Ивица Арсов, и Кристијан Бошков како и на ВЕБ страната www.svetinikole.gov.mk

**Општина Свети Николе**
**Градоначалник**

**Дејан Владев**